Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: САШО КАЛЌКОВ
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 57fa1292
Валиден до: 30.03.2025
Датум и час на потпишување: 24.08.2022 во 13:40:56
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

КООРДИНАТИ НА ТОЧКИ ОД ГЕОДЕТСКАТА РЕФЕРЕНТНА МРЕЖА

ОДДЕЛЕНИЕ : СКОПЈЕ **К.О : КАРПОШ** **ПАРЦЕЛА : 876**

Ознака (тип) на геодетска точка	Y	X	H
SK_PG_15576	7531985.178	4651174.479	257.0403

ГЕО ПРЕМЕР-МИ КАЛЬКОВ ДООЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ
Друштво за производство, трговија и геодетски услуги

Овластено лице

Сашо Калков

(име, презиме и потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
03-367/3-213/2022 од 24.08.2022 13:33:34

Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: САШО КАЉКОВ
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 57fa1292
Валиден до: 30.03.2025
Датум и час на потпишување: 24.08.2022 во 21:11:50
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

03-367/3-213/2022

ПОТВРДА

за проверка на геодетски елаборат

КО КАРПОШ

Се потврдува дека ГЕО ПРЕМЕР КАЉКОВ, 6234755, ДРЕЗДЕНСКА 15/10 - СКОПЈЕ на ден 24.08.2022 во 13:32:56 часот до Агенцијата за катастар на недвижности достави пријава за проверка на геодетски елаборат заведена под број 03-367/3-213/2022

КО.: КАРПОШ / Парцела: 876

За да го искористите изработениот геодетски елаборат, внесете ја следната лозинка '4YOCSWS', на https://ekatlite.platform.katastar.gov.mk/ekatlite.

Друштво за производство, трговија и геодетски услуги • ГЕО ПРЕМЕР-КАЉКОВ ДОО ЕЛ увоз-извоз СКОПЈЕ

М.П.

Овластено лице

Сашо Калков

(име, презиме и потпис)

Плаќањето е успешно завршено

Број на извршената трансакција: 5232533

Датум на валута
24.08.2022

Назив на налогодавач:
Сашо Калков
Дрезденска 15 лок 10

Назив на налогопримач:
НРБМ
Буџет на РМ

Трансакциска сметка на

Трансакциска сметка на
100-0000000-630-95

Банка на налогодавач:

Банка на налогопримач:
AKN 5

Даночен број или ЕМБС:
6234755

Износ:
МКД 523

Повикување на број:

Уплатна сметка:

Цел на плаќање:
Издавање на податоци во дигитална форма

Сметка на буџетски корисник:
2100100450-787-11

Приходна шифра и програма:
724116-20 ☐ преку МИПС

Потпис:

Датум на уплата:
24.08.2022

Место на плаќање:
Интернет Casys cPay

Налог ПП50

ВКУПНО ЗА ПРИЈАВА	414
АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА	0
ПРОВИЗИЈА	9
ЗАВЕРКА НА ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ	100.00
ВКУПНО ЗА НАПЛАТА	**523**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1110-550/2022 од 24.08.2022 21:37:43

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: ELEKTRONSKI ShALTER
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: Sf 25 9d ae
Валиден до: 16.08.2023
Датум и час на потпишување: 24.08.2022 во 21:39:49
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1110-550/2022

И З В Е С Т У В А Њ Е

за електронска заверка на геодетски елаборат

Извршена е електронска заверка на геодетскиот елаборат за Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од: ГЕО ПРЕМЕР КАЉКОВ, заведена под број: 0801-2221/2022 од 24.08.2022 година.
Со заверката се потврдува дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем.
Геодетскиот елаборат е доставен во електронска форма преку Е- шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности, на 24.08.2022 21:37:43 часот.

М.П.

Службено лице

ГЕО ПРЕМЕР КАЉКОВ

(име и презиме, потпис)

ПИМ постапка бр. 45299

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1
мезанин, Скопје
mail: zumproekt@zumproekt.mk

ПРЕДМЕТ: Барање за податоци и информации
НАШ БРОЈ: 94/22-У од 19.08.2022

БАРАЊЕ ДО:

1. Министерство за животна средина и просторно планирање
   Бул. „Гоце Делчев“, бр. 18, 1000 Скопје
2. Министерство за одбрана, Сектор за логистика и недвижности – Одделение за недвижности
   Бул. „Св. Климент Охридски“, бр. 15, 1000 Скопје
3. Министерство за внатрешни работи
   ул. „Димче Мирчев“, бр. 9, 1000 Скопје
4. Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување Центар
   ул. „Михаил Цоков“ ББ, барака 1, 1000 Скопје
5. ЈП Македонски Железници Инфраструктура - Скопје
   бул. „Јордан Мијалков“, бр. 50Б, 1000 Скопје
6. Јавно претпријатие за државни патишта
   ул. „Даме Груев“, бр. 14, 1000 Скопје
7. Агенција за цивилно воздухопловство
   ул. „Даме Груев“, бр. 1, 1000 Скопје
8. Национални енергетски ресурси АД НЕР Скопје
   ул. „Максим Горки“, бр. 11/1-3, 1000 Скопје
9. ГА-МА АД Скопје
   бул. „Св. Климент Охридски“, бр. 54, 1000 Скопје
10. ЕСМ АД „Електрани на Северна Македонија“
    ул. „11-ти Октомври“, бр. 9, 1000 Скопје
11. МЕПСО АД Скопје
    ул. „Максим Горки“, бр. 4, 1000 Скопје
12. ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
    ул. „11-ти Октомври“, бр. 9, 1000 Скопје
13. Агенција за електронски комуникации
    Кеј „Димитар Влахов“, бр. 21, 1000 Скопје
14. Македонски Телеком АД Скопје
    Кеј „13-ти Ноември“, бр. 6, 1000 Скопје
15. А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
    Плоштад „Пресвета Богородица“, бр. 1, 1000 Скопје
16. АД Водостопанство на Република Македонија
    ул. „3-та Македонска бригада“, бр. 10а, 1000 Скопје
17. БЕГ Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје
    ул. „Лондонска“, бр. 8, 1000 Скопје
18. Јавно претпријатие Водовод и канализација Скопје
    ул. „Лазар Личеноски“, бр. 9, 1000 Скопје
19. Општина Карпош ул. „Радика 9“ ББ, 1000 Скопје

Почитувани,

За потребите на изготвување на **Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош,** Ве молиме да ни ги доставите сите податоци и информации за постоечки и планирани Ваши инсталации и објекти на проектниот опфат означен во графичкиот прилог, како и мислење, доколку имате претходни услови кои сметате дека треба да бидат вградени во

урбанистичката документација, како и известување од општината дали има претходно донесена урбанистичка документација.

Во прилог кон Барањето ви доставуваме:

1. Ажурирана геодетска подлога со означени граници на предметниот проектен опфат (dwg)
2. Ажурирана геодетска подлога со означени граници на предметниот проектен опфат (pdf)

За сите дополнителни информации ќе Ве молиме слободно да не контактирате на горенаведената емаил адреса или на тел. 078 286 884.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Управител:

Иво Ѓорѓиев

Ivo Gjorgjiev

Digitally signed by Ivo Gjorgjiev
DN: C=MK, OU=VAT - 4030002602424, OID.2.5.4.97=NTRMK-6135897, O=ZUM PROEKT, SERIALNUMBER=182866, T=Ovlasteno lice, SN=Gjorgjiev, G=Ivo, CN=Ivo Gjorgjiev
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2022.08.19 22:33:44

ivozumproekt@gmail.com
Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

УРБАНИЗАМ

Постапки

Број на постапката:
45299

Статус:
Кај општини/институции

Наслов

Барање за податоци и информации за Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош

Датум на креирање

19.08.2022

Иницијатор

Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

Надлежен орган

/

Акции

Нема дозволени акции

Процесни дијаграми

Графички тек на процесот

- ПИМ.pdf

ДОКУМЕНТИ | ДИСКУСИЈА

Пребарај

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
АД МЕПСО	Податоци и информации	angela.georgievska@mepso.com.mk	06.09.2022 11:01:06	податоци.АД МЕПСО	Не
Зум Проект-Претходни услови -Парцелација ГЧ 3 032 1	Податоци и информации	karpos@dzs.gov.mk	31.08.2022 15:56:36	Prethodni uslovi	Да
194.АЕК-1404-2453-2	Податоци и информации	jugoslav.srbinovski@aec.mk	30.08.2022 10:36:59		Да
situacija	Податоци и информации	dina.petrovska@vodovod-skopje.com.mk	30.08.2022 09:10:10	Situacija JP VIK	Да
Одговор Е - урбанизам Зум Проект за ГП 2.366 и ГП 2.367 за ГЧ 3 03 КО Карпош	Податоци и информации	dina.petrovska@vodovod-skopje.com.mk	30.08.2022 09:10:05	Odgovor JP VIK	Да
2- Azurirana so granici na PO _ za PIM Z03 _ A2 spojuvanje BEG	Податоци и информации	istevanoski@beg-distribucija.com.mk	25.08.2022 12:11:47	DTBE	Да
Potvrda#45299	Податоци и информации	istevanoski@beg-distribucija.com.mk	25.08.2022 12:24:43	DTBE	Да
2022.08.25 15-2469-2 ZUM odg baranje br.94 -22-U 19.08.22 2127	Податоци и информации	contact@mer.com.mk	25.08.2022 12:06:09	NER AD Skopje	Не
Odgovor-Telekom	Податоци и информации	Nikolce.Tasevski@telekom.mk	25.08.2022 09:15:03	Допис Македонски Телеком АД Скопје	Да
ED_Mrezha	Податоци и информации	Gjorgji.Polincev@evn.mk	23.08.2022 15:31:16	ЕД	Да

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
45299

Статус:
Кај општини/институции

Наслов
Барање за податоци и информации за Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош

Датум на креирање
19.08.2022

Иницијатор
Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

Надлежен орган
/

ДОКУМЕНТИ | ДИСКУСИЈА

Пребарај

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
ED_Mrezha_DWG	Податоци и информации	Gjorgji.Polincev@evn.mk	23.08.2022 15:31:19	ЕД	Да
ED_Odgovor_potvrda	Податоци и информации	Gjorgji.Polincev@evn.mk	23.08.2022 15:31:22	ЕД	Да
860 - ПИ 45299 - УПр на ГП 2.366 од ДУП за ГЧ 3 03, К О Карпош - ЗУМ	Податоци и информации	bijovanova@caa.gov.mk	22.08.2022 14:07:45	АЦВ	Да
2- Azurirana so granici na PO _ za PIM Z03 _ A2 spojuvanje-GPO	Ажурирани геодетски подлоги	ivozumproekt@gmail.com	19.08.2022 22:46:53		Да
2- Azurirana so granici na PO _ za PIM Z03 _ A2 spojuvanje	Ажурирани геодетски подлоги	ivozumproekt@gmail.com	19.08.2022 22:46:47		Да
1- Baranje za institucii _ PIM Z03 _ A2 spojuvanje_signature	Друг тип на документ	ivozumproekt@gmail.com	19.08.2022 22:46:39		Да

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 11 - 16 од 16 ставки

Акции

Нема дозволени акции

Процесни дијаграми

Графички тек на процесот

- ПИМ.pdf

Архивски број: 09-215/2 од 31.08.2022година

До Друштво за проектирање,ревизија и надзор.
"ЗУМ ПРОЕКТ" ДОО од Скопје
Бул. "Јане Сандански" бр.59-1/1 мезанин
1000 Скопје

Предмет: **Податоци и информации, доставува,-**
Врска: **Ваше барање бр. 94/22-У од 19.08.2022 година**

Согласночл. 70 став 2 од Законот за заштита и спасување – пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр. 93/12), и задолжувањето од Директорот на ДЗС бр. 02-2737/1 од 19.11.2020 година, Подрачното одделение за заштита и спасување Карпош при Секторот за оперативна и логистика во Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Во врска со вашето барање доставено до нас на ден 22.08.2022 година, а за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на градежни парцели 2.366 и 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03 опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош, Општина Карпош-Скопје** ве известуваме дека не располагаме со постоечка ниту имаме планирана инфрастуктура.

Исто така, согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14), во прилог, Дирекција за заштита и спасување – Карпош ги доставува претходни услови за заштита и спасување, кои согласно Законо за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/11 и 93/12), Процена на загрозеност на опфат за кои се однесува деталниот урбанистички план, Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на проекти, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на документација:
Во делот кој треба да се наслови како МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти,) треба да се почитуваат

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Karposh

Ул.'Михаил Цоков" бб
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

022033213
www.dzs.gov.mk
karpos@dzs.gov.mk

пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување .

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини , нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на основниот проект, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така, при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи(Сл. Весник на РМ бр.32/11).

По вградувањето на претходните услови, проектната документација за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на градежни парцели 2.366 и 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03 опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош, Општина Карпош-Скопје,** ве известуваме дека треба да се достави до Дирекција за заштита и спасување – подрачно Одделение за заштита и спасување Карпош, за да се добие позитивно мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување.

Со почит,

По овластување на Директорот

Слободан Стојчевски

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Ул.'Михаил Цоков"' 66
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
022033213
www.dzs.gov.mк
karpos@dzs.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

До: **ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 94/22-У од 19.08.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 45299)

бр. 12-8/860

Скопје, 22.08.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош

при што утврдија дека предметниот опфат / објект се наоѓа **вон зона** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Напоменуваме дека доколку се планира изградба на:

- издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м, или
- оџаци со височина поголема од 30м, или
- ветерници, или
- други објекти со височина поголема од 100м,

потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да доставите проектна документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (2) од Законот за воздухопловство.* *(“Службен весник на РМ” бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот
бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

ул. „Даме Груев” број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive të energjetikës
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

До:
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

Бр.-Nr. 15-2469/2
25.08.2022 год./vit
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за податоци и информации, со ваш бр. 94/22-У од 19.08.2022 год.

Согласно вашето Барање за податоци и информации, за Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, со ваш бр. 94/22-У од 19.08.2022 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2127

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Olivera Kostancheva
Digitally signed by Olivera Kostancheva
Date: 2022.08.24 13:34:17 +02'00'

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Зум Проект
бул. Јане Сандански бр.59-1/1
мезанин, Скопје

Бр.11-4701/1

02.06.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање тех.бр. 94/22-У од 19.08.2022 година, (наш број 11-4701 од 31.08.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка **на Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош,** Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/2-518 од 23.08.2022
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 94/22-У од 19.08.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

EVN Group

Датум: 23.08.2022



Наш број: 1404-2453/2
Скопје: 30.08.2022г.

ДО:
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

Предмет: Одговор на барање за податоци за ТК мрежи
Врска: Ваше барање бр. 94/22-У преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на : Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации
Изработил: Ј.Србиновски

Раководител на Сектор,
д-р Борис Арсов

Советник на Директорот,
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

ww.aek.mk
21, Kay Dimitar Vlahov"
1000 Skopje
tel.: ++389 2 32 89 200
fax: ++389 2 32 24 611
e-mail: contact@aec.mk

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 45299
Дата: 24.08.2022

До
Друштво за проектирање, ревизија и надзор
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, КО Карпош, општина Карпош, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

До
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин
1000 Скопје

Сектор за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи

ул. Лондонска бр. 8, 1000 Скопје, п. фах. 15
Телефон: +389 2 5514-027
Факс: +389 2 5514-040

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ
Бр. 03-1945
25.08.2022 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Во врска со Вашето барање број 94/22-У од 19.08.2022 (наш број 08-1937 од 24.08.2022), Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ - Скопје, ја издава следната:

П О Т В Р Д А

Согласно приложеното барање **за податоци и информации за Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош– Скопје - според ситуацијата во прилог -** и со преглед на нашата документација констатиравме дека:

НЕ ПОСТОИ ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА
со која управува Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ.
(во близна надвор од проектниот опфат постои дистрибутивна мрежа)

Важноста на потврдата изнесува **6 месеци** сметано од денот на издавањето.

Изработил:

Ивица Стеваноски, *дипл.град.инж.*

Одобрил:
Раководител на сектор

Димитар Чичов, *дипл. маш. инж.*

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ



881/1
873
1
1
1
1
877/2
1
874/2
2
2
876/2
875/2
1
P
0231 0160 11
876/1
877/2
877/1
875/1
3015
Ш200
1
1054/1
ЛЕГЕНДА
Постојни топловоди со шахти

До:"ЗУМ ПРОЕКТ " доо Скопје
Бул. "Јане Сандански" бр.59-1/1, 1000 Скопје
Предмет: 1302-2866/1 од 23.08.2022

Дата: 29.08.2022

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-2866/2
Дата data 30 AUG 2022
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 94/22- у од 19.08.2022 год. креирано на страната на е-урбанизам на 19.08.2022 год. и заведено кај нас под бр.1302-2866/1 од 29.08.2022 со кое не известувате дека за потребите на изработка на

Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат (М=1:1000) и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа.

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

- ситуација во М 1: 1000 во pdf формат во pdf формат со прикажана граница на планскиот опфат и нашата постоечка инсталација – водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација.

Што се однесува до прикажување на **предвидена хидротехничка инфраструктура** на предметниот локалитет ЈП „Водовод и канализација“ Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечки Детални Урбанистички Планови и изработени Основни Проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Карпош и секако решенијата од ГУП на Град Скопје.

Вашите решенија за предвидената улична хидротехничка инфраструктура во комбинација со веќе постоечката хидротехничка инфраструктура (водоводна и канализациона мрежа) треба да добијат позитивно мислење од наша страна (во процесот на постапката што ќе ја води О. Карпош и треба да бидат основа за издавање на Хидротехнички услови за секој објект, што се наоѓа во состав на предметниот локалитет.

НАПОМЕНА:

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации“ на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје- водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

НАПОМЕНА: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

река Вардар

к.о. Горче Пешров

Трафостаница Запад
Електро – Скопје

Бр. 1302-2866/1
25.08.2022 год.

ЛЕГЕНДА:

1:1,000

Постоечка водоводна мрежа

Постоечка фек. кан. мрежа

Постоечка атм. кан. мрежа

Позитивни МИСЛЕЊА

Архивски број: 09-288/2 од 22.11,2022година

До Друштво за проектирање,ревизија и надзор.
"ЗУМ ПРОЕКТ" ДОО од Скопје
Бул. "Јане Сандански" бр.59-1/1 мезанин
1000 Скопје

Предмет: Мислење, доставува.-
Врска : Ваш акт број 94/22-У од 10.11,2022 год.

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ бр. 124/15) Дирекцијата за заштита и спасување – Подрачното одделение за за заштита и спасување Карпош Ви го доставува следното

М И С Л Е Њ Е

за застапеноста на мерките за заштита и спасување **за изработка на „ Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2,367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош, општина Карпош",** .
Подрачното одделение за заштита и спасување Карпош од извршениот увид на поднесената проектна документација за **за изработка на „ Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2,367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош, општина Карпош",** .констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени, врз основа на што Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување Карпош дава **позитивно мислење.**

Со почит,

По овластување на Директорот
Слободан Стојчевски

Доставено до:
- **Насловот**
- **Архива**

Slobodan Stojchevski
Digitally signed by Slobodan Stojchevski
Date: 2022.11.22 14:00:45 +01'00'

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Karposh

Ул.'Михаил Цоков"' бб
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

022033213
www.dzs.gov.mк
karpos@dzs.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/2-639 од 21.11.2022
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев
Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 94/22-У од 10.11.2022 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, Ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 47184

Датум: 18.11.2022

До
Друштво за проектирање, ревизија и надзор
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт 3 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - ОПШТИНА КАРПОШ, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности

До: ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

Бр.
Дата: , Скопје

Република Северна Македонија
Агенција за катастар на недвижности 0939-16450/2
1.12.2022

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Мислење за утврдена состојба

Врска:Број на постапка во Е-Урбанизам за УП преку ПИМ: **47668**
Ваш бр. 94/22-У од 10.11.2022 год.
Наш бр. 0939-16450/1 од 30.11.2022 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности, иницирате постапка за мислење за утврдена состојба по извршено споредување на податоците од Урбанистички проект со план за парцелација со препарцелација на ГП 2.366 и ГП 2.367 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, изработен од „ЗУМ ПРОЕКТ“ ДОО Скопје со технички број 94/22-У од ноември 2022 година, со податоците од катастарскиот план, врз основа на член 47 став 8 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020).

Агенцијата за катастар на недвижности по извршениот увид на доставената документација и Електронскиот запис со кој се потврдува дека урбанистичкиот проект го исполнува квалитетот од тематски и тополошки аспект, Ве известува дека се исполнети условите за издавање на позитивно мислење.

Прилог: Извештај од утврдена состојба по извршено споредување

Напомена:Потребно е барањето да биде поврзано во релевантна постапка.

Со почит,

Изработил: Биљана Бабунска Петровска, соработник
Контролирал/Одобрил: м-р Билјана Ајтарска, в.д. раководител на одделение

Директор

м-р Борис Тунџев

Место за Дигитални потписи

Изработил	Контролирал	Одобрил	Согласен	Директор
	Biljana Ajtarska 30.11.2022 13:48 CET			Boris Tundjev 01.12.2022 12:40 CET

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
КО КАРПОШ

ИЗВЕШТАЈ ОД УТВРДЕНА СОСТОЈБА ПО ИЗВРШЕНО СПОРЕДУВАЊЕ

Ред. број	ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ					ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА												
							Број на парцела		Катастарска			Површина						
	Презиме, татково име и име (за граѓански лица) Точно име на правното лице	Место на живеење седиште	Улица	Куќен број	Катастарска општина	Број на имотен лист	Основен	Дел	Култура		Класа	x	a	м2	Број на градежна парцела градежна парцела	Технички број	Забелешка	Товар
1	КОСТАДИНОВСКА ЈАГОДА	СКОПЈЕ	ПАРТ.ОДРЕДИ	12	25167	29712	873	0		дм	0			**0**	ГП 2.366-2.367	94/22-У		
														507.6				
	ЈОСИМОВСКА БОЖАНА	СКОПЈЕ	ПАРИСКА КОМУНА	14														
	РАДИЧЕВСКИ МИЛЕ	СКОПЈЕ	ПАРТ.ОДРЕДИ	1														
	ДИМИТАР ХРИСТОВСКИ	СКОПЈЕ	БУЛ. ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО	БР. 16														
2	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				25167	3727	874	2	гз	гиз				**0**	ГП 2.366-2.367			
														195.59				
3	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				25167	81990	875	1	гз	гиз				**0**	ГП 2.366-2.367			
														28.99				
4	САШО ЖИВКОВСКИ	СКОПЈЕ	ПАРТИЗАНСКА 1	16	25167	3728	875	2	гз	гиз				**0**	ГП 2.366-2.367			Т и П
														412.74				
	АНА ЖИВКОВСКА-ИЛИОСКА	СКОПЈЕ	КОЦЕ МЕТАЛЕЦ	2А														
	ЉУПКА ЖИВКОВСКА	СКОПЈЕ	БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ	23														
5	ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И ГРАДЕЖНИШТВО НЃ-ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ	СКОПЈЕ	ГЕОРГИ СКРИЖЕВСКИ	7	25167	76015	876	0	гз	гиз	0			**342.7**	ГП 2.366-2.367			Т
														34.3				
6	МИЛОШЕВИЌ СТОЈАНКА	БУЈАНОВАЦ	БРАЌА СТОШИЌ		25167	75746	877	2	гз	гиз	0			**392.5**	ГП 2.366-2.367			
														8.94				
	ПОСТОЛОСКИ НАЦКО	ПЕРТ																
	ТОМОСКА ЦВЕТА	ШТИП	В.КИТАНОВ	2														
	МИЛЕВА СПИРОСКА	ОХРИД	С.КОСЕЛ	ББ														
	НАДА СОТИРОСКА	САД																
	АНЃА РАЗМОВСКА	ОХРИД	АБАС ЕМИН	212														
7	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА	СКОПЈЕ			25167	56756	878	0		дм	0			**0**	ГП 2.366-2.367			
														248.71				
8	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА	СКОПЈЕ			25167	56154	880	0	гз	гиз				**0**	ГП 2.366-2.367			П
														199.41				
9	РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА				25167	4917	881	1	гз	гиз	0			**0**	ГП 2.366-2.367			
														183.01				
10	РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА				25167	55427	890	3	гз	гнз	0			**0**	ГП 2.366-2.367			
														72.29				
11	ЈУЛИЈАНА МИЛАДИНОВСКА	СКОПЈЕ-КАРПОШ	КОЗЛЕ 1	26	25167	85108	890	5	гз	гнз	0			**0**	ГП 2.366-2.367			П

														44.68				
	БЛАГОЈА БОЖИНОВСКИ	СКОПЈЕ	БУЛ.ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ	БР. 1														
													Меѓузбир:	735.2				
										ВКУПНО				**735.2**				

Датум на генерирање на извештајот:
30-11-2022

Изработил:
Агенција за Катастар на Недвижности

Б.3 ГРАФИЧКИ ДЕЛ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ

Број: 47-7775/2

од 06.10.2022

Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 1015/2022	
ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.Партизански одреди, корито на река Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, општина Карпош - Скопје	
УП вон нас.мес:/	
Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015 година	
Намена на градба: домување во станбени згради	
Ул. Партизански Одреди 1	бр. 10
КО Карпош	КП 876
ДЛ 175	М=1:1000

ИЗВОД ЗА ГП 2.366

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ



ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ УСЛОВИ	
Број на урбанистичка парцела:	2.366
Намена на објектот:	домување во станбени згради
Површина на урбанистичка парцела:	342 м2
Површина на габарит:	145 м2
Процент на изграденост:	42.40 %
Максимална изградена површина:	725 м2
Коефициент на искористеост:	2.12
Максимална дозволена височина на венец:	13,20 м
Максимална дозволена височина на слеме:	/
Број на станови/спратови	П+3+Пк
Број на паркинг места:	/
Сообраќајни услови:	паркирање во рамките на сопствена парцела
Други услови:	Овој извод е основа за изработка на основен проект/ урбанистички проект, кој пак е потребен во постапката за добивање одобрение за градење. Изработката на проектантската документација да е во согласност со законската и подзаконската регулатива од областа.

1. Заверена копија од општите и посебните услови за градење дадена во прилог.

3. Податоци за постојна инфраструктура и приклучоци



КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

- Ø150 ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø150 ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- Ø250 ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø250 ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø300 ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- Ø300 ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАН ГАСОВОД
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА-МАК. ТЕЛЕКОМ
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА-ОНЕ
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА-ТЕЛЕКАБЕЛ
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА-БЛИЗУ
- ПЛАНИРАНА ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА
- ТФ КАНАЛИЗАЦИЈА
- ТФ КАБЕЛ
- ИДЕЈНА ВРЕЛОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ВРЕЛОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА

ИЗГОТВИЛ
Марија Л. Младеновска,диа

ОДОБРИЛ
Раководител на Одделение
м-р Весна Стефанова,дги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во Деталениот урбанистички за **ГРАДСКА ЧЕТВРТ 3 03** -Општина Карпош, за плански период 2012-2017год

Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чии граници и мери се дадени во графичкиот прилог во Р=1:1000.

Вкупната површина опфатена во Градската четврт согласно ГУП Скопје 2012-2022 (нето површина) изнесува 49,64ха.

Вкупната бруто површина во граници на планскиот опфат е 55,85ха.

Планскиот период на овој план е 2012-2017 година.

Овие општи услови за изградба се составен дел на изработениот Деталениот урбанистички за **ГРАДСКА ЧЕТВРТ 3 03** -Општина Карпош. Планскиот документ е изработен во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 60/11, 144/12 и 55/13), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13) и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 78/06).

Изградбата на нови објекти, како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие Општи услови за изградба.

Во планот е застапена основна класа на намена во согласност со ГУП на град Скопје и компатибилна класа на намена во согласност со член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13)

- А1- домување во семејни куќи
- А2- домување во станбени згради
- Б1-мали комерцијални и деловни намени
- Б4-деловни дејности
- В1-образование и наука
- В2- здравство и социјална заштита
- В4-државни институции
- В5-верски институции
- Е3-некомпатибилна инфраструктура
- Е2-комунална супраструктура-трафостаници

1.2 Составен дел на овие Услови за градба се Документационата основа и Планската документација за предметниот Детален урбанистички план со свој текстуален и графички дел во Р=1:1000.

Графичкиот дел го сочинуваат прилози од документационата основа: Извод од ГУП; Извод од ДУП; Ажурирана геодетска подлога; Инвентаризација и снимање на граде-жен фонд; Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура; и планска документација: План на намена на земјиштето и градбите; Регулационен и план на површини за градење; План на парцелација; Сообраќаен и нивелациски план; Инфраструктурен план и Синтезен план.

1.3 Регулаторните линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градечното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулаторни линии се регулациона линија и граница на градежната парцела кои се дефинирани во планот во согласност со член 17 и член 18 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

1.4 Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на градење, и ќе се дефинира во согласност со член 22 и член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

Градежните парцели се со различна површина и дадени се во планот на парце-лација како и во табеларните прикази.

Формираните градежни парцели во голем дел се поклопуваат со катастарските парцели, со исклучок кадешто постојната парцелација е променета заради проширување на уличен коридор и слично.

1.5 Намената за земјиштето и намената на површините за градба се базираат на важечкиот Генерален урбанистички план на град Скопје.

Поконкретно објаснување на системот на класи на намени е дадено во член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13)

1.6 Особено се препорачува водење сметка за компатибилните класи на намена што е во согласност со член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

1.7 Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради и се дефинира во согласност со член 35, член 36, член 37 и член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

Во вкупната изградена површина за секоја градежна парцела не се пресметани површините од дозволената второстепена пластика (еркери, балкони, конзоли и сл.). Второстепената пластика може да зафаќа најмногу 70% должината на фасадата.

1.8 Површина за градење е планска одредба со која во Деталниот урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Во секоја градежна парцела има само една површина за градење во која може да се гради само еден објект. Во случаите кога со овој план во рамките на една градежна парцела се предвидува можност за изградба на повеќе објекти во рамките на површината ограничена со градежни линии, истите се дефинираат преку изработка на архитектонско-урбанистички проекти, согласно член 51 од Законот за

просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11).

Со архитектонско урбанистички проект одобрен од Град Скопје ќе се решаваат следните градежни парцели: Г.П 3.03.2.601,Г.П 3.03.2.524, Г.П 3.03.2.629, Г.П 3.03.2.630,Г.П 3.03.2.626,Г.П 3.03.2.47 и ГП 3.03.2.267.

При одредување на површина за градба, потребно е да се запазат: висини, растојанија, процент на изграденост на парцелата, коефициент на искористеност на земјиштето (однос меѓу бруто развиена површина на сите нивоа на објектот и површината на парцелата).

1.9 Диспозицијата на површината за градење во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на градежната парцела, што е дефинирано во член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

1.10 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија. Сите подетални елементи на планирање се дадени во членовите: 43, 44, 45, 47, 48, 49 и 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13)

Дадена е максималната висина на венецот, изразена во метри, која може етапно да се реализира.

